Здружение за заштита и унапредување на животната средина
**ЕКО-ЖИВОТ**
Бул. „Македонија" 7/1/8, Кавадарци, Македонија
071/471-125; www.eko-zivot.org.mk

Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ
Бр. 02/23
30.01 2023 год
КАВАДАРЦИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR PYLLTARI DHE GJUETI
Бр.-Nr. 03-45/1
30.01. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 24.01.2022 година, во Кавадарци

**ПОМЕЃУ:**

1. **Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ, Кавадарци**
   со седиште на Бул.„Македонија" 7/1/8 Кавадарци
   ЕДБ 4011010505638, ЕМБС 6605877, e-mail: ekozivot@yahoo.com
   Застапник по закон Роберто Паризов Кавадарци

2. **Државен инспекторат за шумарство и ловство Скопје**
   со седиште на ул.„Аминта Трети" бр.2 Скопје-Центар
   ЕМБС 6951392 и ЕДБ 4080014544192, e-mail: disl@mzsv.gov.mk
   овластено лице -Директор: Fikri Aliti

Имајќи го предвид Статутот на **Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци** е формиран како невладина и непартиска организацијана која дејствува во насока на изведување на задачите и активностите на заштита, зачувување и унапредување на животната средина како што се: промоција на заштитата и унапредувањето на животната средина, подигање на свеста кај граѓаните, а особено кај малолетниците за заштита и унапредување на животната средина и живиот свет што не опкружува, следење на светски и европски стандарди во областа на зачувување на животната средина, воведување на светски и европски стандарди, едукација на јавноста, воспоставување на комуникација со организации од ист или сличен карактер, заштита на природата преку рециклирање, апциклирање и реупотреба на разни материјали, развивање и унапредување на циркуларната економија, изработка на планови и проекти од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина, изложување на идеи и проекти, организирање на културно – еколошки натпревари од општински, државен и меѓународен карактер, отворање на работни еколошки клубови и работилници, организирање ликовни изложби, колонии и концерти и издавање на книги, брошури, ЦД материјали, списанија од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина.

Имајќи го предвид статутот на **Државен инспекторат за шумарство и ловство Скопје** е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ги врши работите во врска со инспекцискиот надзор над примената на законските прописи и подзаконските акти од Законот за шуми, Законот за ловство, Законот за репродуктивен

Здружение за заштита и унапредување на животната средина
ЕКО-ЖИВОТ
Бул. „Македонија" 7/1/8, Кавадарци, Македонија
071/471-125; www.eko-zivot.org.mk

материјал од шумски видови дрвја, Законот за заштита на растенијата од болести и штетници и други законски прописи кои се тесно поврзани со оваа проблематика.

По наведените, Државен инспекторат за шумарство и ловство Скопје и Здружението за заштита и унапредување на животната средина **ЕКО-ЖИВОТ** Кавадарци (во натамошниот текст: лица) ќе соработуваат во надлежност на овој Меморандум за соработка како што е договорено подолу:

**Член 1**

Овој Меморандум за соработка (во натамошниот текст Меморандум) е склучен од страна на Државен инспекторат за шумарство и ловство Скопје и Здружението за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ со седиште во Кавадарци, Република Северна Македонија.

**Член 2**

Предмет на овој Меморандум е соработката на двете страни во рамки на реализација на нивните дејности во областите на нивното конкретно дејствување.

**Член 3**

Меморандумот дава рамка за разбирање и соработка меѓу двете страни со цел да се олесни исполнувањето на нивните заеднички цели во однос на воспоставување и одржување на пријателства, поблиска соработка помеѓу учесниците кај двете лица, а посебно зајакнување на еколошките карактеристики кај двете страни, социјалната инклузија и двете договорни страни се спогодија дека постои взаемен интерес за остварување на меѓусебна соработка, особено ако се земе во предвид фактот дека Државен инспекторат за шумарство и ловство Скопје е еден од клучните фактори кои директно имаат влијание врз животната средина и целокупниот биодиверзитет во регионот.

Целите на овој Меморандум за Соработка се остваруваат преку конкретни проекти за соработка на двете страни на долгорочна основа.

**Член 4**

Страните се согласуваат да соработуваат во областите дефинирани во нивните официјални статутарни документи, а во согласност со основните принципи на Советот на Европа и Европската унија, како и важечките закони и позитивните прописи на Република Северна Македонија, во областите како што е опишано во понатамошниот текст:

- ИНФОРМИРАЊЕ И ЕДУЦИРАЊЕ НА МЛАДИНАТА;
- ЗАЕДНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ШУМИТЕ И ШУМСКОТО ЗЕМЈИШТЕ И СТОПАНИСУВАЊЕТО СО ШУМИТЕ;
- РАЗВОЈ НА ЗЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ОБЛАСТИТЕ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ;
- ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА ВО РАМКИТЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ И МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ;
- ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ,ОБУКИ И СЛ.;
- РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И СТУДИСКИ ПОСЕТИ;
- ЗАЕДНИЧКИ ТЕРЕНСКИ ПРАКТИКИ, РАБОТИЛНИЦИ,ДИСКУСИИ И ДР...;
- Соработка со сите институции, органи и субјекти во надлежност на општина Кавадарци;
- Заеднички, овластени опсервирања на: биоценозите и фитоценозите, како и нивните

Здружение за заштита и
унапредување на животната средина
ЕКО-ЖИВОТ
Бул. „Македонија" 7/1/8, Кавадарци, Македонија
071/471-125; www.eko-zivot.org.mk

макро и микро биотопи и екосистеми, нивна евиденција, картирање, публикување и слично, во интерес на едукација и информирање на граѓаните на Република Северна Македонија;

**Член 5**

**Двете страни на овој Меморандум се обврзуваат на активна борба во правилна примена на позитивните законски нормативи во зачувувањето на здрава животна средина.**

**Член 6**

**Страните се согласуваат, во име на заштита на животната средина, нивната соработка да биде активна и во континуитет, се додека постои интерес за остварување на заеднички поставените цели.**

**Член 7**

Секој дополнително настаната промена или нова околност ќе биде регулирана со Анекс додаден на Меморандумот и ќе се смета како дел од овој Меморандум.

**Член 8**

Со Овој Меморандум за соработка договорните страни не подлежат на никакви финансиски импликации.

**Член 9**

Во случај на евентуално настанат спор договорните страни ќе го решаваат спогодбено и на мирен начин, доколку тоа е невозможно, надлежен е Основен суд Кавадарци.

**Член 10**

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето. Меморандумот за соработка е потпишан во четири оригинални примероци, дистрибуирани по два примерока за секоја страна.

ЗЗУЖС ЕКО-ЖИВОТ
Кавадарци

Роберто Паризов
застапник по закон

ДИШЛ Скопје

Fikri Aliti
директор